**20260641040**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/26), во дел VII во ставот (10) зборот „Средствата“ се заменува со зборовите „Дел од средствата“, а износот „88.000.000“ се заменува со износот „66.500.000“.

II

Во дел X во ставот (6) износот „35.000.000“ се заменува со износот „39.000.000“.

III

Во дел XIII став (2) во алинејата 1 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- 80 години македонско ловство.“.

Во ставот (13) износот „112.500.000“ се заменува со износот „85.000.000“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2588/13
24 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.